Врз основа на член 80 став 7 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 71/04 и 107/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДЕПОНИЈА ЗА НЕОПАСЕН И ИНЕРТЕН ОТПАД

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето за основање на депонија за неопасен и инертен отпад.

Член 2

Формата и содржината на барањето за основање на депонија за неопасен и инертен отпад (во натамошниот текст: депонија) е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Барањето за основање на депонија содржи:

**1) Податоци за основачите:**

- Основач/ите (име на општината/општините независно или заедно со домашно и/или странско правно лице);
- Назив на домашно и/или странско правно лице;
- Референци за домашното и/или странското правно лице;
- Меморандумот за соработка, договор, писмо на интереси, писмо на намери или слично.

**2) Општи податоци за предлог - депонијата**

- Поширока локација за предлог - депонија (топографска карта во размер 1: 10.000);
- Прелиминарно оправдување за поширокaта локација и тоа од: хидрогеолошка и геолошка соодветност, оптимални транспортни растојанија врз основа на количините на создаден отпад и односите со забранетите и заштитените зони (карта со поширокaта локација на планираната депонија со означување на забранетите и заштитени зони, геолошки и хидрогеолошки карти и шематски приказ на растојанијата помеѓу општините и предлог локацијата за депонија);
- Планиран капацитет (вкупен волумен), времетраење на депонијата и видот на депонијата ;
- Елаборат - Услови за планирање на просторот.

**3) Податоци за населението и за општината/општините**

- Вкупно население кое ќе биде опфатено со податоци за прирастот за времетраење на депонијата.
- Општина или општини кои ќе бидат опслужени со депонијата.

**4) Податоци за финансиските средства**

- Планирани финансиски извори (од сопствени извори, странски извори или друго)
- Доказ за обезбедени финансиски средства за инвестицијата

**5) Податоци за временската рамка за идните активности во врска со проектирање, изградба и планирано започнување со работа на депонијата**

- Динамика на планирани активности.

**6) Потпис и печат на овластениот подносител на барањето и датум и место на поднесување на барањето.**

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-5832
9 октомври 2007 година
Скопје

Министер,
**Џелил Бајрами,** с.р.

| | |
|---|---|
| | **Прилог бр. 1**<br>**До Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје**<br>**Барањето за основање на депонија**<br>**1. Податоци за основач/ите:** |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Основач/и : | |
| 2. | Меморандум за соработка договор, писмо на интереси, писмо на намери или слично (1) | Приложено: да/не |
| 3. | Имиња на домашни или странски правни лица: | |
| 4. | Референци за домашното и/или странското правно лице (2) | Приложено: да/не |
| | **2. Општи податоци за предлог депонијата** | |
| 5. | Поширока локација на предлог депонијата | Приложено: да/не |
| 6. | Прелиминарно оправдување за пошироката локација | Приложено: да/не |
| 7. | Планиран капацитет (вкупен волумен), времетраење на депонијата и видот на депонијата | Приложено: да/не |
| 8. | Елаборат - Услови за планирање на просторот | Приложено: да/не |
| | **3. Податоци за населението и за општината/општините** | |
| 9. | Вкупно население кое ќе биде опфатено со податоци за прирастот за времетраење на депонијата | Приложено: да/не |
| 10. | Општина или општини кои ќе бидат обслужени со депонијата. | Приложено: да/не |
| | **4. Податоци за финансиските средства** | |
| 11. | Планирани финансиски извори | Приложено: да/не |
| 12. | Доказ за обезбедени финасиски средства за инвестицијата | Приложено: да/не |
| | **5. Податоци за временската рамка за идните активности** | |
| 13. | Планирано времетраење за изработка на физибилити студија и изградба на депонијата | Приложено: да/не |

Место и датум на поднесување

Потпис и печат на овластениот подносител на барањето